# Социјализација кај децата со попреченост и децата со нормален развој

Арта Абдулаху

Социјализацијата е процес кој е својствен за сите општества. Преку социјализацијата ние учиме како да станеме членови на едно општество, по пат на усвојување на нормите и вредностите на општеството во кое живееме.Социјализацијатае ***воспитно-образовен процес*** кој систематски го спроведуваат повеќе фактори како семејството, училиштето, групата врсници и масовните медиуми. Исто така, во социјализацијата, ние учиме како да ги играме нашите општествени улоги, почнувајќи од ранотодетство. Токму затоа, овој процес се смета за еден од најважните во животот на човекот. Без социјализација, човекот би бил едноставно живо суштество како и сите останати животински видови. Социјализацијата е долг процес кој се одвива низ целиот живот на поединецот кое почнува од детството.А кога се зборува за социјализацијата кај децата со попреченост овој процес е потежок и бара повеќе време да функционира. Модел и стимулација за овие деца се децата со норамлен развој кои ќе им пружат рака да им помогат и тие да функционират колку што можат повеќе.